# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>31.07.2020 год.<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 55 |
|---|---|


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Програма за измени на програмата за спорт и рекреација за 2020 година. | **3** |
| **2.** | Програма за измена на програмата за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2020 година. | **10** |
| **3.** | Програма за измени на програмата за социјална заштита за 2020 година. | **23** |
| **4.** | Програма за измени и дополнувања на програмата други комунални услуги за 2020 година. | **26** |
| **5.** | Програма за измени и дополнување на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за период од 2020-2022 година | **28** |
| **6.** | Програма за измени и дополнување на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2020 година | **30** |
| **7.** | Програма за измени на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2020-2022 година | **33** |
| **8.** | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2020 година | **38** |
| **9.** | Одлука за давање согласност на општина Охрид за одобрување финансиска помош за град Нови Пазар – Р.Србија | **40** |
| **10.** | Одлука за давање согласност на одлуката на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид за ослободување од партиципација на деца кои посетуваат градинка. | **41** |
| **11.** | Одлука за пренесување на правото на користење на ламинат со подлога и лајсни сопсвеност на општина Охрид на ОУ „Григор Прличев“ Охрид | **42** |
| **12.** | Одлука за пренесување на правото на користење на ламинат со подлога и лајсни сопсвеност на општина Охрид на ОУ „Свети Наум Охридски“ с. Пештани- Охрид | **43** |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Одлука за пренесување на правото на користење на ламинат со подлога и лајсни сопсвеност на општина Охрид на ОУ „Свети Климент Охридски“ Охрид | **44** |
| **14.** | Измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2020-2022 | **45** |
| **15.** | Одлука за донесување на правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед | **47** |
| **16.** | Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед | **48** |
| **17.** | Заклучок за трајно решавање на сообраќајот на ул. „Абас Емин“до пресекот со ул. „Гоце Делчев“ | **50** |
| **18.** | Заклучок за усвојување на информацијата за изготвената студија за валоризација на просторот на Студенчишко Блато заради негово прогласување за заштитено подрачје | **51** |
| **19.** | Одлука за предлагање прогласување на заштитено подрачје Студенчишко блато во категорија – “Парк на природата” | **52** |
| **20.** | Јавна објава | **53** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени на програмата за спорт и рекреација за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.07.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

Програмата за активностите во областа на спортот и рекреацијата во Општина Охрид за 2020 година е направена врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа , Законот за спорт и други подзаконски акти.
*Јавниот интерес на спортот е:*

- Поттикнување на спортските активности на децата и младината во рамките на федерациите;
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари;
- Поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации;
- Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации;
- Одржување, функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес на граѓаните на Општина Охрид и пошироко;
- Развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, училишен спорт, спорт за сите и особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;

- Организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, регионално ниво, републичко ниво, поддржување на традиционални спортски манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот спорт, манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните,
- Класифицирање на спортските објекти, организирано користење на истите, опремување на рекреативни зони за масовно спортување;
- Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Охрид,
- Поддршка на општинските спортски сојузи како највисока форма на организирање на спортските клубови на подрачјето на Општината Охрид .
- Програмите се финансираат од буџетот на Општина Охрид,донации, спонзорства а за исполнување на програмите и утврдените рокови поднесуваат извештај до Општина Охрид .

*ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Главни цели на програмата ЛО Спорт и рекреација е афирмирање на Општина Охрид како општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт и спортско-рекреативни активности .

Општината Охрид преку својата организациона поставеност во областа на спортот ќе придонесе за зголемен опфат на младите во спортот.Општината постојано ќе се грижи за позитивно насочување на своите граѓани. Реализацијата на програмите од областа на спортот и рекреацијата сигурно дека ќе придонесе за подигнувањето на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури.

Преку организираните системи на натпревари и други спортски манифестации ќе се создадат услови за настапи во општината во земјата и странство.

Општината Охрид преку поддршка на спортските настани секогаш ќе придонесува за популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

*МЕТОДОЛОГИЈА*

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.Спортски манифестации организираат и други правни и физички лица што вршат дејност спорт, под услови утврдени со Законот за спорт .

Програмата ЛО Спорт и рекреација се состои од активности за :

- Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт, реализирање спортски активности и систем на натпревари на учениците.
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови од Општина Охрид.
- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
- Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес за Општина Охрид.

- Поддршка на програми и проекти на останати споптрски организации од интерес на Општина Охрид.

Вреднувањето на програмите ќе се одредува врз основа на :

- Остварени спортски резултати во зависност од рангот на натпревари на клубот, поединци на клубови со остварен висок пласман .
- Број на учесници во активностите или манифестации (увид од програмите или проектите)
- Манифестацијата да е во календарот на спортската асоцијација со утврден статус и категорија на натпреварот .

*СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

- ***Традиционални манифестации***

Општината Охрид ќе партиципира во традиционалните спортски приредби и манифестации од локален,регионален ,национален и меѓународен карактер со цел зачувување на континуитетот на манифестациите за кои има интерес од граѓаните, а се е во интерес на развојот на спортот во општината.

- ***Манифестации од особен интерес***

Општина Охрид преку поддршка на вакви спортски настани ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината .

- ***Хуманитарни акции***

Општина Охрид ќе организира хуманитарни акции со субјекти од обласа спорт .

- ***Крводарителски акции***

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции .

- ***Стоп на пороците***

Општина Охрид како организатор или коорганизатор ќе организира едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите .

- ***Спорт за сите***

Општина Охрид ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните од општината бидејќи рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби можности активно вклучување во спортскиот живот во општината .

Активностите во обласа на спортот Општина Охрид ќе ги насочи кон поттикнување,подржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма за 2020 година со средства предвидени во висина од 16.755.000,оо денари распоредени по следните ставки :

| | | | |
|---|---|---|---|
| **42 Стоки и услуги** | | | |
| Изнајмување на друг тип на простор<br><br>Јануари-Декември | Изнајмување спортски објекти на ЈП „Билјанини Извори“ | Непречено и организирано користење на расположивите спортски објекти од страна на клубови,училишта, поединци, здруженија и др. субјекти со создавање услови за спортување за сите генерации. Организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности, посебно со поддршка на талентирани спортисти и проекти што значат унапредување на спортот во Општина Охрид . | **3.000.000,00** |
| **46 Субвенции и трансфери** | | | |
| Трансфери до спортски клубови<br><br>Јануари - Декември | Трансфери кон спортски клубови | Основната цел е поддржувањето на организираните активности за развој и унапредување на масовниот спорт и рекреактивните активности и натпревари,клубски натпревари и натпревари по принципот спорт за сите.<br>Со оваа програма ќе се обезбеди финансиска поддршка на РК„Охрид 2013“ АД<br><br>Охрид Трчат<br><br>Финансиска поддршка за Охридските пливачки маратони.<br>Нуркачки клуб АМФОРА<br><br>Нуркачки клуб Акватек<br><br>Ловечко Друштво„Охрид“<br><br>Шаховски Клуб „Ласкер“<br><br>Хронометар трка на 5Км | **12.423.000,00**<br><br>**350.000,00**<br><br>**175.000,00**<br><br>**70.000,00**<br><br>**50.000,00**<br><br>**130.000,00**<br><br>**70.000,00**<br><br>**100.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Стрелачки клуб Охрид | **70.000,00** |
| | | Охрид Траил | **250.000,00** |
| | | ХВА ранг-ИТФ | **250.000,00** |
| | | Денот на Галичица(планиснско лудило) | **300.000,00** |
| | | Кајакарска регата | **70.000,00** |
| | | Едриличарска регата | **70.000,00** |
| | | А.К Охрид | **70.000,00** |
| | | Ватерполо | **30.000,00** |
| | | Тениски клуб Охрид | **100.000,00** |
| | | Фудбалски турнир | **240.000,00** |
| | | Трансфери до клубови од ОФС | **80.000,00** |
| | | КМГ Спорт-КЛ7-камп | **72.000,00** |
| | | Риболовно друштво Св.Апостол Петар | **50.000,00** |
| | | ГРК Охрид | **6.000.000,00** |
| | | ГФК Охрид | **3.060.000,00** |
| | | ГКК Охрид | **246.000,00** |
| | | Р.К Лихнид | **120.000,00** |
| | | Трансфери кон други клубови | **400.000,00** |
| Други трансфери | Поддршка за учество во училишните спортски системи на активности и натпревари и Сојузот на | Во насока на унапредување на училишниот спорт општината ќе финансира програми,проекти и спортски | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јануари- Декември<br><br>Јуни - Септември<br><br>Јануари - Декември | училишен спорт Охрид.<br><br>Летни спортско рекреативни активности ,награди и признанија за спортските резултати<br><br>.<br><br>Програми за активности | активности на учениците од основните и средните училишта од општина Охрид. Училиштето има обврска да води грижа и за здравјето на учениците со овозможување правилен физички развој, во современи услови,како и создавање здравствена култура. Поради сето ова се помага училишниот спорт,се развива и организира при што учениците кои имаат афинитет и желба побрзо избираат сакан спорт под стручна контрола и организација.Воедно се создава еднаквост на правата за физичката активност на сите деца без оглед на нивните предиспозиции. Учество на деца од детски градинки и ученици од основни училишта<br><br>Одржување на традиционални спортски натпревари ,при што играта секогаш да биде над резултатот. Самиот проект да биде можност за социјализација на сите учесници,независно од возраста или нивната етничка или верска припадност.(турнири мал фудбал)<br><br>Наградите и признанијата да бидат симболични. | **140.000,00**<br><br>**112.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на лица со посеби потреби | Општина Охрид ќе поддржува и спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби | 80.000,00 |
| **48 Капитални расходи** | | | |
| Реконструкција на други објекти<br>Јануари - Декември | | Одржување на условите за користење на постојните спортските терени на подрачјето на општината Охрид | **1.000.000,00** |

ВКУПНО : **16.755.000,00** денари

***Образложение***: Потребата од пренамена на средства од Буџетот на Општина Охрид за 2020 година, Програмата **L0 спорт и рекреација** се јавува заради формирањето на ГКК Охрид. Поради состојбата со Ковид 19 голем дел од предвидените спортски манифестации не се одржаа,а уште еден дел се во најава дека нема да се одржат.Во програма **L0 –конто 463120** вршиме прераспределба на 98.000 денари , а од програма **L0 конто 464990** вршиме намалување на 48.000,00 денари кои се пренасочуваат во Кошаркарскиот клуб ГКК Охрид. Со тоа од предвидените 100.000,00 денари сегашната вредност со која ќе се помогне ГКК Охрид изнесува 246.000,00 денари.Во таа насока дел од предвидените средства се пренаменуваат за новоформираниот градски кошаркарски клуб Охрид кој од оваа сезона ќе се натпреварува во втората македонска кошаркарска лига во сениорска и младинска кункуренција.Од интерес е на општина Охрид кошарката да продолжи да живее во Охрид и за таа цел максимално согласно можностите општина Охрид ќе го подржува ГКК Охрид.

Оваа Програма за измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6482/3**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измена на програмата за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2020 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/22**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14,14/14 и 10/19) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2020 ГОДИНА**

**ЦЕЛИ:**
- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Развој на образовниот процес

**АКТИВНОСТИТЕ** на Општина Охрид во областа на образованието во 2020 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма ,пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

**ФИНАНСИРАЊЕ:** Активностите во областа на образованието планирани за 2020 година ќе се финансираат од МОН, од Буџетот на општина Охрид, од блок дотација, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:

**За 2020 година ,со ребалансот на буџетот на општина Охрид, за основно образование предвидени се 32.289.160,00 денари општински средства, износот на сопствените средства на основните училишта е 5.545.000,00 денари, блок дотацијата е 264.486.195,00,00 денари , 5.508.926,00денари се обезбедени од проекти за доживотно учење Еразмус и од проект на УНДП за персонални образовни асистенти(дел од програмата за социјална заштита).**

| | ОПИС | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок-дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Др.извори* |
| I | **Капитални инвестиции и реконструкции** | | | | | | |
| | Промена на кров(азбестни табли) | | ОУ„Св.Наум Охридски“-објект во Пештани | | | | Начелна согласност МОН |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ОУ „Ванчо Николески“ Лескоец | | | | Начелна согласност МОН |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ОУ„Кочо Рацин“ | | | | Начелна согласност МОН |
| | Замена на надворешна столарија | | ОУ„Христо Узунов“ | | | | Југозападен плански регион |
| | Санација подови во училници | | ОУ„Христо Узунов“ | | 2.900.000,00 | | |
| | Уредување на училишен двор | | ОУ„Христо Узунов“ | | 300.000,00 | | |
| | Замена на столарија | | ОУ„Св.Наум Охридски“-објект во Пештани | | | | Начелна согласност МОН |
| | Оградување на училишниот парк со ограда и влезна врата | | ОУ„Живко Чинго“ | | 100.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изградба на регионален центар за обука на наставен кадар | | ОУ„Св.Наум Охридски“-ПУ Трпејца | | | | Во соработка со МОН |
| | Реконструкција на училиштето | | ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани – ПУ Трпејца | | | | Донација |
| | Поставување на дренажа околу училишниот објект | | ОУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | | 345.000,00 | | |
| | Санација на подови во училници | | ОУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | | 2.100.000,00 | | |
| | Санација на фасада | | ОУ„Григор Прличев“- | | | | Начелна согласност МОН |
| | Замена на надворешна столарија | | ОУ„Григор Прличев“-новата зграда | | 1.820.000,00 | | |
| | Изградба на нов училишен објект | | ОУ„Братство единство“-објект Крст Џамија | | | | Донација „ТИКА“ |
| | Изработка на дренажа | | ОУ „Братство единство“ - Лескајца | | | | Донација |
| | Санација на водоводна и одводна мрежа | | ОУ „Братство единство“ - Лескајца | | 750.000,00 | | |
| | Оградување на училишниот парк со ограда и лизгачка врата | | ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец | | 78.517,00 | | |
| | Пополочување на училишен двор | | ОУ „Св.Климент Охридски“ | | 600.000,00 | | |
| | Надворешна столарија | | ОУ „Св.Климент Охридски“ПУ Далјан | | 300.000,00 | | |
| | Замена на столарија | | ОМУ „Методи Патче“ | | 521.643,00 | | |
| | Изработка на метална заштитна ограда | | ОМУ „Методи Патче“ | | | | Други извори |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Санација на санитарни јазли | | Во сите основни училишта | | 3.700.000,00 | | |
| | **Вкупно НА**:<br><br>(Од овој Програм се покрива и делот со кој Општината учествува во некој проект, како услов да се добие донацијата | | | | **13.515.160,00** | | |
| | Тековно одржување на објекти и опрема | | основни училишта | | 1.108.000,00 | 896.000,00 | |
| | уредување на отворени спортски терени и дворни места во основните училишта | | основни училишта | | | логистика | Спонзори,донации |
| | **Опрема и машини** | | основни училишта | | | 730.000,00 | |
| | **ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| | Продолжен престој | 15септември-10 јуни (законски основ) | Општина Охрид основни училишта | | 2.000.000,00 | | |
| | Учество на општината | | | | | | |
| | Персонални образовни асистенти | Проект кој е во рамките на Програмата за социјална заштита | Основни училишта и УНДП | | | | *486.800,00 УНДП* |
| | Обезбедување на училиштата со чуварска служба и сметководители | | | | 1.840.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мобилност | | | | | | *Еразмус+* 5.022.126,00 |
| | Детски семафор – Општинска сообраќајно-воспитна манифестација | мај | СВР, општина Охрид и основните училишта | | | логистика | |
| | Безбедни училишта | декември-март | СВР, општина Охрид,основни | | Логистика | логистика | |
| | „Реонскиот полицаец Ве советува“ | тековно | СВР, општина Охрид,основни училишта | | Логистика | логистика | |
| | Училишни игри без граници | Декември-мај | Извиднички одред„Пионер“ основни училишта | | | логистика | |
| | Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | октомври-декември | СВР,општина Охрид, основни училишта | | Логистика | логистика | |
| | Доделување стипендии на ученици | Октомври-ноември | Општина Охрид | | 1.161.000,00 | | |
| | Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | мај-јуни | Општина Охрид Основни училишта | | | 189.000,00 | спонзори |
| | Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | 24 мај | Општина Охрид Основни училишта | | | | спонзори |
| | Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни празници) | тековно | Основни училиштата | | Логистика | 112.173,00 | |
| | **III ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Плати и придонеси за вработените | Тековно | Општина Охрид,основни училишта,МОН | 249.000.000,00 | | | |
| | Режиски трошоци | тековно | Општина Охрид,основни училишта | 9.709.054,00 | 7.900.000,00 | 372.000,00 | |
| | Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од училиштето | Тековно (законски основ) | Општина Охрид,основни училишта | 3.577.651,00 | 450..000,00 | | |
| | Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Тековно (законски Основ) | Општина Охрид | 220.000,00 | 1.300.000,00 | | |
| | Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (По Меморандум за соработка меѓу СОНК и Општина Охрид) | Септември-јуни | Општина Охрид , СОНК основни училишта | | 250.000,00 | | |
| | канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Тековно (законски основ) | Општина Охрид училишта | 890.000,00 | | 1.868.827,00 | |
| | Осигурување на објектите | Тековно (законски основ) | ОпштинаОхрид Основни училишта | 300.000,00 | 100.000,00 | 93.000,00 | |
| | Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата,ДДД | Тековно (законски основ) | Општина Охрид Основни училишта | 300.000,00 | 100.000,00 | 20.000,00 | |
| | Набавка и сервисирање на противпожарна опрема и хидранти | Тековно (законски основ) | Општина Охрид основниучилишта | 50.000,00 | | | |
| | Чистење оџаци и парни | Тековно (законски основ) | Општина Охрид основни | | | логистика | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | котли | | училишта | | | | |
| | Објавување огласи и др оперативни расходи | | | 96.490,00 | | 513.000,00 | |
| | Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени, спроведување на решенија за легализација во агенција за катастар | тековно | Општина Охрид основни училишта | | 2.000.000,00 | | |
| | Судски решенија | | | | 565.000,00 | | |
| | Вонучилишни образовни услуги и др.дополнителни услуги | | | 293.000,00 | | 277.000,00 | |
| | Договорни услуги | | | | | 132.000,00 | |
| | копирање и печатење | | | 50.000,00 | | 176.000,00 | |
| | Патни расходи | | | | | 166.000,00 | |
| | **Вкупно Н1:** | | | | **18.774.000,00** | | |
| | **СЕВКУПНО:** | | | **264.486.195,00** | **32.289.160,00** | **5.545.000,00** | **5.508.926,00** |

СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ:

**За 2020 година, со ребалансот на буџетот на општина Охрид, за средно образование предвидени се 2.010.500,00 денари општински средства. Износот на сопствените средства на средните училишта е 6.673.000,00 денари, блок дотација од 164.017.132,00,00 денари и 7.940.436,00 денари од проекти за доживотно учење Еразмус +.**

| | ОПИС | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок-дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Др.извори* |
| | **Капитални инвестиции и реконструкции** | | | | | | |
| | Промена на кровна конструкција (азбестен кров) | | ОУТУ„Ванчо Питошески“ | | | | *МОН* |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ОУТУ„Ванчо Питошески“ | | | | *Начелна согласност МОН* |
| | Замена на надворешна столарија | | СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ | 1.890.000,00 | | | |
| | Реконструкција на подови | | ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски | 2.102.170,00 | | | |
| | Санација на фасада | | ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски | | | | *Начелна согласност МОН* |
| | Реконструкција на таваните | | ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ | 2.000.000,00 | | | |
| | **Вкупно :** (Од овој Програм се покрива и делот со кој Општината учествувавонекојпроект, како услов да се добиедонацијата ) | | | **5.992.170,00** | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тековно одржување на објекти и опрема | | Средни училишта | 4.752.132,00 | | | |
| | Изградба, реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во средните училишта | | Средни училишта | | | | донации |
| | Набавка на опрема и машини | | Средни училишта | 2.660.000,00 | | 586.000,00 | |
| | **Вкупно:** | | | **13.404.302,00** | | | |
| | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| | Плати и придонеси | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 114.350.000,00 | | | |
| | Режиски трошоци | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 12.736.830,00 | | 770.000,00 | |
| | Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост од училиштето од најмалку 2,5 км | Септември-јуни | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 19.100.000,00 | | | |
| | канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 1.280.000,00 | | 559.000,00 | |
| | Манифестации организирани по разни поводи (патронати, државни празници) | тековно | средни училиштата | | логистика | 316.000,00 | спонзори |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари во основните и средните училишта | мај-јуни | Општина Охрид средни училишта | 300.000,00 | | 310.000,00 | |
| | Матурска парада | мај | Општина Охрид и средни училишта | | | | |
| | Патни расходи | | | | | 271.000,00 | |
| | Копирање и печатење | | | 100.000,00 | | 120.000,00 | |
| | Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | 24 мај | Општина Охрид средни училишта | | | | |
| | **Вкупно :** | | | | | | |
| | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | | | | | | |
| | Безбедни училишта | декември-март | СВР,општина Охрид средни училишта | | логистика | логистика | |
| | Обезбедување на училиштата со чуварска служба | Септември- август | | | 660.000,00 | | |
| | Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | октомври-декември | СВР,општина Охрид, средни училишта | | логистика | логистика | |
| | Учество во проекти финансирани од невладиниот сектор | тековно | НО;општина Охрид, средни училишта | | логистика | **350.000,00** | |
| | „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“ | | Еразмус +,средни училишта(ОСУ „Св.К.Охридски“ и СОСУ „Св.Кирил и Методиј“) | | логистика | логистика | 7.940.436,00 |
| | Книги за библиотека | | Средни училишта | | | 76.000,00 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **III ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| | Осигурување на објектите | Тековно (законски основ) | Општина Охрид Средни училишта | 200.000,00 | | 140.000,00 | |
| | Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 340.000,00 | | | |
| | Чистење на оџаци и парни котли | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | | | логистика | |
| | Дератизација,дезинфекција дезинсекција | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 80.000,00 | | | |
| | Доделување стипендии на ученици | Септември-јуни | Општина Охрид | | 1.350.500,00 | | |
| | Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени и нивно спроведување во агенцијата за катастар | тековно | Општина Охрид,средни училишта | 400.000,00 | | | |
| | Субвенционирање на превозот на наставниците кои патуваат од руралните средини (Меморандум за соработка меѓу СОНК и општина Охрид) | Септември-јуни | СОНК, Општина Охрид | | | | |
| | Договорни услуги | | | | | 870.000,00 | |
| | Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Тековно (законски основ) | | 800.000,00 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Огласи и др. оперативни расходи (семинари,конференции,обуки) | | | 316.000,00 | | 949.000,00 | |
| | Вонучилишни и др. образовни услуги | | | 610.000,00 | | 551.000,00 | |
| | СЕВКУПНО: | | | **164.017.132,00** | **2.010.500,00** | **6.673.000,00** | **7.940.436,00** |

**Со ребалансот на буџетот на општина Охрид за 2020 год. за поддршка на активностите од ОЈУ ОГУ „Кузман Шапкарев“Охрид се планираат 500.000,00 ден.**

| **Предлог- програма - образование на возрасни за 2020** | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Општинска јавна установа ОГУ„Кузман Шапкарев“** | **ИЗНОС** |
| **1** | Субвенционирање на курсеви за дооформување на основно образование | **500.000,00** |
| **2** | Субвенционирање на обуки по странски јазици и информатика | |
| **3** | Субвенционирање на обуки по информатика | |
| **4** | Субвенционирање на обуки за полагање на државна матура | |
| **5** | Субвенционирање на стручни курсеви (козметичари,фризери,болничари,сметководители , физикална терапија со рекреативна масажа, за дактилографија на компјутер и сл.) | |
| **6** | Поддршка на проекти за доживотно учење | |
| **7** | Дооформување на основно образование | |
| **8** | Финансиска поддршка за изработка и верификација на програми во неформалното образование во Центар за образование на возрасни (за оние | |

| | | |
|---|---|---|
| | програми кои се потребни за општина Охрид и за аплицирање за спроведување на активните мерки на Владата за обуки на невработени лица во Р.М.) | |
| | | |

Оваа Програма за измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6482/4**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени на програмата за социјална заштита за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/23**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. ***Тековно еализирање на активностите на проектот за Јавни работи.*** Неколку години во периодот од мај месец заклучно со јуни месец, Општина Охрид во соработка со Центар за социјални работи, Агенција за вработување и ЈП Охридски комуналец имплентира активност за ангажирање на лица од социјално ранливи категории за спроведување на следните активности:
   - косење на тревниот појас помеѓу двете коловозни ленти на потегот од магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до нас. Свети Стефан;
   - чистење на плажите по охридското крајбрежје на потегот кој се простира под општина Охрид;
   - чистење на појасот покрај коловозните ленти на магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до св. Наум и потегот покрај магистралниот пат од сообраќајната клучка до Подмоље;

   **Временска рамка**: 22 работни дена, месец мај и јуни
   **Вкупен буџет***: 464.990,00 денари - АО*

2. Имплементација на проектот **Општинско – корисно работа** со наслов „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните” – Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Секоја година се аплицира во зависност кој се потреби и приоритети во тековната година.Во текот на 2019 и 2020 година со проектот

се ангажираа на 9 образовни асистенти со цел поефикасно спроведување на воспитно образовниот процес на децата со попреченост од школска возраст. Проектот започна со имплементација од 1ви Септември 2019 и ќе трае до 10 ти Јуни 2020 година заклучно со завршувањето на учебната година.

**Временска рамка**: *9 месеци*
**Вкупен буџет***: 486.800,00 од УНДП и Општина Охрид - N1*
- Во **2019** година исплатени три хонорари (81.000,00 по 3 месеци вкупно 243.000,00 денари
- Во **2020** година останувaaт за исплата уште 486.800,00 денари (81.000,00 по 6 месеци вкупно 486.800,00 денари)

**3.** Имплементација на проектот **Креирање на можности за работа за сите –** Главна фаза. Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.
Во проектот се вклучени 4 помагатели со цел помош во домашни услови на стари лица и на лица со попреченост кои не се во можност секојдневно да ги извршуваат секојдневните обврски како ( купување на лекови, пазарење, воспоставување на комуникација за да не се чувствуваат осамени, цепење на дрва итн.)
**Временска рамка**: 6 месеци (1ви септември до 1ви март)
**Вкупен буџет***: 108.600,00 од УНДП - T1*
- Во **2019** година исплатени се 3 хонорари по 36.000,00 денари вкупно за 3 месеци 108.000,00 денари
- Во **2020** година година остануваат уште 3 хонорари по 36.000,00 денари или вкупно 108.600,00 денари

*4.* ***Проект за подобрување на социјалните услуги,*** финасиран со средства од заем на Светска банка за развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги согласно потребите на граѓаните. Општина Охрид т.е одделението за социјална заштита аплицираше за адаптирање, реновирање и отворање на дневен центар за деца со потешки форми на попреченост кои не посетуваат редовна настава и не посетуваат специјални паралеки и втората апликација за адаптирање, реновирање и отворање на регионален шелтер центар за лица жртви на семејно насилство како и подигнување на свеста на локалното население за заштита на лицата кои се жртви на семејно насилство.
**Временска рамка:** *3 години*
**Вкупен буџет:** *1.836.000 денари, 10% учество од општина од вкупната сума изнесува 183.600 денари - ЕА*

*5.* ***Субвенционирање на трошици за комунални услуги*** *со вкупен износ од 670, 00 денари месечно за секој корисник на субвенцијата*

Тековно субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани кои се изложени на социјален ризик.

Вкупниот износ на субвенцијата изнесува 670,00 денари за секој корисник (вода до 320 денари, отпад до 150 денари, отпадни атмосферски води до 150 денари, гробарина до 50 денари).
Опфатени се лица кои се корисници на социјална помош, корисници на постојана парична помош, невработени лица и лица кои имаат инвалидитет или тешка болест.
**Временска рамка**: Во текот на целата година
**Вкупен буџет**: 1.500.000,00 денари - АО

6. ***Дневен центар за лица со интелектуална попреченост***

Месечна помош на Дневниот центар – Зраци и Дневниот центар во цркавата св.Горгија за лица со попреченост, со цел исплата на материјални трошоци и подмирување на трошоци за превоз за еднодневни екскурзии и годишна екскурзија која се организира за лицата со попреченост

**Временска рамка**: Во текот на целата година
**Вкупен буџет**: 160.000 денари од Програмата за социјална заштита

7. Потреба за пренамена на средства од Буџетот на Општина Охрид за 2020 година, за Програма Т1 социјална заштита за ***Центар за рана интервенција и третман кај деца со нарушување од аутистичен спектар.*** Центарот работи во склоп на ЈЗУ Општа Болница во Охрид.

Центарот за аутизам при ЈЗУ Општа Болница во Охрид беше целосно реконструиран и опремен со донација од Бугарската амбасада, лоциран на детското оделение на вториот спрат. **Средствата се потребни поради физичко одвојување со заедничкиот пристап со детското одделение на педијатрија.**

**Вкупен буџет:** 600.000 денари од Програмата за социјална заштита

***ВКУПЕН БУЏЕТ: 5.156.390,00 денари***

Напомена: Измените во оваа програма се однесуваата само во програмскиот дел додека буџетскиот дел останува непроменет.

Оваа Програма за измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6482/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.07.2020 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на програмата други комунални услуги за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/24**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2020 ГОДИНА**

## 1. ПРОГРАМА: ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ J8

| Ред. Бр. | Опис на работа | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Машинско и речно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид | 2.000.000,оо |
| 2 | Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони | 800.000,оо |
| 3 | Изнајмување на мобилни тоалети | 200,000.оо |
| 4 | Новогодишно украсување | 1.800.000,оо |
| 5 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 800.000,оо |
| 6 | Заловување и чување на бездомни кучиња | 1.300.000,оо |
| | ВКУПНО | 6.900.000,оо |

Динамика за извршување на плански активности од подпрограма

| **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2019 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br><br>-I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>-II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | <br><br>-мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br>-јули |
| теренско запрашување против комарци на крајбрежен појас на Охридско езеро како и делови од речните корита<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | <br><br><br>- април/мај ( во зависност од временските прилики)<br>- јуни<br><br>- јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br><br>I –во третирање<br>II –ро третирање | <br><br>- мај<br>- октомври |

**Извор на финансирање:**

| | |
|---|---|
| **Буџет на Општина Охрид за програма други комунални услуги 2020** | **6.900.000,оо** |

**ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ J8 ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ СРЕСТВА ОД ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ**

- ✓ Расчистување на дел од речно корито и дива депонија покрај река Сушица кај с. Велгошти финансирано од страна на GIZ MK ………………. 657.000, оо ден.

**Напомена**: Измената се однесува на средствата финансирани од меѓународни институции.

Оваа Програма за измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6482/6**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2020-2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнување на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за период од 2020-2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/25**
**30.07.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМАЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2020-2022 ГОДИНА**

**Програма за изградба на системи за водоснабдување 2020**
**А.Изградба на системи за водоснабдување**

**Изградба на системи за водоснабдување**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и друга попратна документација за изградба на водоводни системи во Општина Охрид | 1.200.000,оо |
| 2 | Изградба на водоводни линии во Општина Охрид во зависност од реализација на урбанистички планови | 4.000.000,оо |
| 3 | Преприклучување на водоводна мрежа на улица Абас Емин | 1.500.000,оо |
| 4 | Изградба на водоводна линија на ул. Ванчо Питошески до детска градинка ф110, L=140m | 864.000,оо |
| 5 | Изградба на водоводна линија на улица Стив Наумов ф110, L=110m | 750.000,оо |
| 6 | Изградба на улични водоводни линии во село Лескоец | 1.500.000,оо |
| 7 | Појачување на постојни водоводни мрежи, изградба и реконструкција на резервари за вода во рурални средини | 2.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Средства за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој за реконструкција на пумпни станици во село Љубаништа и село Трпејца и замена на пумпи во пумпна станица Метропол | 21.500.000,оо |
| | **ВКУПНО** | **33.314.000,оо** |

**ЈГ-ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ СРЕСТВА ОД БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| | Извор на финансирање на програмата е: **Буџет на Општина Охрид Развојна програма за изградба на системи за водоснабдување 2020 г.** | **33.314.000,оо** |

**Развојна Програма за изградба на системи за водоснабдување за период 2020-2022 година**

**А.Изградба на системи за водоснабдување**

**Изградба на системи за водоснабдување**

| Ред Бр. | опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и друга попратна документација за изградба на водоводни системи во Општина Охрид | 2.200.000,оо |
| 2 | Изградба на водоводни линии во Општина Охрид во зависност од реализација на урбанистички планови | 12.000.000,оо |
| 3 | Преприклучување на водоводна мрежа на улица Абас Емин | 1.500.000,оо |
| 4 | Изградба на водоводна линија на улица Стив Наумов ф-110/L=110m | 750.000,оо |
| 5 | Изградба на улични водоводни линии во село Лескоец | 10.000.000,оо |
| 6 | Појачување на постојни водоводни мрежи, изградба и реконструкција на резервари за вода во рурални средини | 4.000.000,оо |
| 7 | Изградба на водоводна линија по улица Туристичка од крстосница со улица Абас Емин до крстосница со улица Стив Наумов ф-300/L=320m | 6.120.000,оо |
| 8 | Изградба на водоводна линија од резервоар населба Бејбунар до улица 1-ва Македонска Ударна Бригада ф-110/L=1316m | 4.800.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Изградба на водоводна линија на ул. Јане Сандански (од мини маркет до ул. Сирма Војвода) ф 200, Л=799 м | 14.100.000,оо |
| 10 | Изградба на водоводна линија од ул. Ванчо Питошески до детска градинка ф 110, L=140m | 864.000,оо |
| 11 | Замена на салонитни водоводни линии по делници во ЦГП L=1000m | 2.000.000,оо |
| | **ВКУПНО за период 2020-2022** | **58.334.000,оо** |

**ЈГ-ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ СРЕСТВА ОД ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ**

- **Водоснабдување на Охрид и населените места со вода од изворот “Дувло“ (Свинишки Извори)..............................................317.000.000,оо**
- **Изградба на нова водоводна линија на улица Абас Емин…....... 12.200.000,оо**
- **Изградба на водоводна линнија Л-450 метри двоводен цевковод средно потисна зона од Бејбунар до улица Марко Цепенков ф-455/L=1580m 10 бари........................................................................... 25.000.000,оо**
- **Изградба на водоводна линија и резервоарски простор од 100м3 за индустриска зона ТИРЗ во с.Косел со препумпна станица ф 110, Л=400 м.................13.000.000,оо**

**Напомена:** Измените и дополнувањата се однесуваат на ставката со реден број 8, а се однесува на Средства за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој за реконструкција на пумпни станици во село Љубаништа и село Трпејца и замена на пумпи во пумпна станица Метропол, каде износот од 25. 000. 000 ден. се намалува за 3.500.000ден. со што вкупниот износ на оваа Програма за 2020 година изнесува **33.314.000 ден.**

Оваа Програма за измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 6482/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.07.2020 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнување на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2020 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година.

**Број 09-6482/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.07.2020 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.07.2020 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

# ЈФ Сообраќајна сигнализација

## 1. ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

| Ред. Бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Поправка, одржување и замена на постојана вертикална сообраќајна сигнализација | 400.000,оо |
| 2 | Набавка и поставување нова вертикална сообраќајна сигнализација | 800.000,оо |
| 3 | Набавка и одржавање на сверни огледала на улици низ Општина Охрид | 100.000,оо |
| 4 | Електрична семафорска сигнализација поставување и одржување | 800.000,оо |
